РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 902/24
17 јули 2024 година
С к о п ј е

Врз основа на член 19 став 5 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 17 јули 2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за унапредување

1. Во звање советник на Судот се унапредуваат вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со звање самостоен советник:
- м-р Виолета Ѓорѓиевска; и
- м-р Љубица Гаџовска.

2. Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата на Судот и ќе се смета за доставена до кандидатите со денот на објавата, а по конечноста на истата, секретарот на Судот ќе донесе решение за распоредување на вработените од точка 1 од оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Годишниот план за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година Су.бр.936 од 24 јули 2023 година, на ден 11 јули 2024 година, на интернет страницата на Судот беше објавен Интерен оглас бр.2/2024 за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија од звање самостоен советник во звање советник на Судот (двајца извршители), со краен рок за пријавување 15 јули 2024 година, до 15:00 часот.

До крајниот рок, беа доставени три пријави од вработени со звање самостоен советник во Стручната служба на Судот.

Комисијата за организациони и кадровски прашања, се состана на 16 јули 2024 година, ги оцени кандидатите за унапредување согласно

критериумите утврдени во член 5 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година.

Врз основа на член 19 став 4 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и извршеното оценување, Комисијата за организациони и кадровски прашања ги предложи вработените од точка 1 од оваа одлука за унапредување од звање самостоен советник во звање советник на Судот, за што е изготвен Извештај од спроведената постапка за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија по Интерниот оглас бр.2/2024 за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.896/2024 од 16 јули 2024 година.

Согласно предлогот на Комисијата содржан во Извештајот од спроведената постапка, Судот одлучи како во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на интернет страницата на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
**д-р Дарко Костадиновски**

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · GJYKATA KUSHTETUESE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT · Скопје - Shkup